**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-326
04.07. **2019 година**
**Скопје**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 49 од истиот Закон, точка 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.03-3189/1 од 19.06.2019 година, поради констатирано непочитување на обврските за кинематографските дела, односно пренесување кинематографски дела надвор од периодот утврден во договорите со имателите на права, спротивно на членот 49 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, од страна на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 26-та седница одржана на 04.07.2019 година согласно Заклучокот бр.02-3335/3 од 04.07.2019 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка - јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани, заради извршена повреда на член 49 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 247/18 и 27/19), а казнива по член 149 став 1 точка 2 од истиот Закон, на начин што Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани, спротивно на одредбите од член 49 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, надвор од периодот утврден во договорите со имателите на права, во рамките на својот програмски сервис ги емитувало следните играни филмови, и тоа:

- На 04.06.2019 година, емитуван е играниот филм Преку границата/THE MULE, со почетно време на емитување во 13:35:19 часот, за кој игран филм правото за емитување истекло на 28.02.2017 година (договорот е склучен на 27.04.2016 година);
- На 05.06.2019 година, емитуван е играниот филм Тивок отров/SILENT VENOM, со почетно време на емитување во 01:59:41 часот, за кој игран филм правото за емитување истекло на 31.08.2016 година (договорот е склучен на 13.01.2015 година); и
- На 06.06.2019 година, емитуван е играниот филм Максимална казна/MAXIMUM CONVICTION, со почетно време на емитување во 13:42:20 часот, за кој игран филм правото за емитување истекло на 28.02.2017 година (договорот е склучен на 27.04.2016 година).

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е по наслов на игран филм, датум на емитување, почетно време на емитување и констатации од надзор во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.03-3189/1 од 19.06.2019 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани, веднаш по приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16,132/17, 168/18, 247/18 и 27/19), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16,132/17, 168/18, 247/18 и 27/19), Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Одделението за заштита на авторски права при Секторот за стратешко планирање и авторски права, на 19 јуни 2019 година, изврши вонреден, по службена должност, програмски надзор на телевизискиот програмски сервис на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани. Имено надзорот беше спроведен врз основа на претставка поднесена од физичко лице (наш арх.бр.12-3068/1 од 10.06.2019 година) со која се укажува дека радиодифузерот емитува филмови без регулирани права. Поради тоа, на 12.06.2019 година со писмен Допис (наш арх.бр.03-3117/1), Агенцијата побара од радиодифузерот во рок од седум дена од денот на приемот на дописот, да достави валидни договори со којшто ќе се потврди дека правата за емитување на играните филмови: Преку границата/THE MULE, Тивок отров/SILENT VENOM и Максимална казна/MAXIMUM CONVICTION се уредени. Воедно, му укажа на радиодифузерот дека доколку во утврдениот рок не ја достави бараната документација, Агенцијата ќе го извести органот надлежен за авторските права и сродните права. На 18.06.2019 година, радиодифузерот во Агенцијата достави два договори за отстапување на правата за емитување на телевизиска програма, склучени со Друштвото за производство на филм и телевизиска програма ПРОДУКЦИЈА СИДОР ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со кои се отстапени правата за емитување на овие три играни филмови, но од договорите е видно дека: правото за емитување на играните филмови Преку границата/THE MULE и Максимална казна/MAXIMUM CONVICTION истекло на 28.02.2017 година (договорот е склучен на 27.04.2016 година), а правото за емитување на играниот филм Тивок отров/SILENT VENOM истекло на 31.08.2016 година (договорот е склучен на 13.01.2015 година).

Согласно член 49 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е пропишано дека давателите на аудиовизуелни медиумски услуги не смеат да објавуваат односно да пренесуваат кинематографски дела надвор од периодот утврден во договорите со имателите на права.

Со надзорот е констатирано дека Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани во рамките на својот телевизиски програмски сервис спротивно на одредбите од член 49 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, надвор од периодот утврден во договорите со имателите на права, во рамките на својот програмски сервис ги емитувал следните играни филмови, и тоа: на 04.06.2019 година, емитуван е играниот филм Преку границата/THE MULE со почетно време на емитување во 13:35:19 часот, за кој игран филм правото за емитување истекло на 28.02.2017 година (договорот е склучен на 27.04.2016 година); на 05.06.2019 година, емитуван е играниот филм Тивок отров/SILENT VENOM со почетно време на емитување во 01:59:41 часот, за кој игран филм правото за емитување истекло на 31.08.2016 година (договорот е склучен на 13.01.2015 година) и на 06.06.2019 година, емитуван е играниот филм Максимална казна/MAXIMUM CONVICTION со почетно време на емитување во 13:42:20 часот, за кој игран филм правото за емитување истекло на 28.02.2017 година (договорот е склучен на 27.04.2016 година). Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е по наслов на игран филм, датум на емитување, почетно време на

емитување и констатации од надзор во Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.03-3189/1 од 19.06.2019 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани на 20.06.2019 година, испрати Допис (Уп1.бр.03-326 од 20.06.2019 година) со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор, бр.03-3189/1 од 19.06.2019 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во предвидениот рок, односно на 26.06.2019 година, Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани, по пат на електронска пошта достави Изјаснување (наш арх.бр.03-326 од 26.06.2019 година). Советот на Агенцијата на 26-тата седница одржана на 04.07.2019 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 49 од истиот Закон, точка 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.03-3189/1 од 19.06.2019 година, поради констатирано непочитување на обврските за кинематографските дела, односно пренесување кинематографски дела надвор од периодот утврден во договорите со имателите на права, спротивно на членот 49 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 26-та седница одржана на 04.07.2019 година согласно Заклучокот бр.02-3335/3 од 04.07.2019 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани и му наложува веднаш по приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Согласно наведеното, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор, бр.03-3189/1 од 19.06.2019 година.

**Доставено до:**

- Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани;
- Управителот на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани;
- Одговорното лице на програмата во ТРДД ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани;
- Секторот за правни работи;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP
Примено / Pranuar: 19 06 2019

| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
|---|---|---|---|
| 03 | 3189 | 1 | |


## РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува

### ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
### ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

**1. Програмскиот надзор се врши како:** вонреден

**2. Субјект на надзорот:** Трговско радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани

**3. Датум на извршување на надзорот:** 19.06.2019 година.

**4. Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани пренесувало кинематографски дела надвор од периодот утврден во договорите со имателите на права, што е спротивно на член 49 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**5. Претходно изречени мреки:** нема

**6. Констатации од надзорот:** Со надзорот беше констатирано дека Трговско радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани, **спротивно на одредбите од член 49 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, надвор од периодот утврден во договорите со имателите на права, ги емитувало следните играни филмови**:

| наслов на игран филм | датум на емитување | почетно време на емитување |
|---|---|---|
| ***Преку границата/THE MULE*** | 04.06.2019 | 13:35:19 |
| ***Тивок отров/SILENT VENOM*** | 05.06.2019 | 01:59:41 |
| ***Максимална казна/MAXIMUM CONVICTION*** | 06.06.2019 | 13:42:20 |

Образложение: Надзорот е спроведен врз основа на претставка поднесена од физичко лице (наш бр.12-3068/1 од 10.06.2019 година) со која се укажува дека радиодифузерот емитува филмови без регулирани права. Поради тоа, на 12.06.2019 година со писмен допис бр.03-3117/1, Агенцијата побара од радиодифузерот во рок од седум дена од денот на приемот на дописот да достави валидни договори со којшто ќе се потврди дека правата за емитување на погоре наведените играни филмови се уредени. Воедно, му укажа на радиодифузерот дека доколку во утврдениот рок не ја достави бараната документација, Агенцијата ќе го извести органот надлежен за авторските права и сродните права.

На 18.06.2019 година, радиодифузерот во Агенцијата достави два договори за отстапување на правата за емитување на телевизиска програма, склучени со Друштвото за производство на филм и телевизиска програма ПРОДУКЦИЈА СИДОР ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со кои се отстапени правата за емитување на овие три играни филмови, но од договорите е видно дека:

- правото за емитување на играните филмови *Преку границата/THE MULE* и *Максимална казна/MAXIMUM CONVICTION* истекло на 28.02.2017 година (договорот е склучен на 27.04.2016 година), а
- правото за емитување на играниот филм *Тивок отров/SILENT VENOM* истекло на 31.08.2016 година (договорот е склучен на 13.01.2015 година).

**ПРЕДЛОГ МЕРКА:**

1. Директорот на Агенцијата да му предложи на Советот да донесе решение со кое на Трговско радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КОЧАНИ-ЛД ДООЕЛ Кочани ќе му изрече мерка јавна опомена и ќе му наложи веднаш по приемот на решението, согласно точка 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

2. Да му предложи на Советот на Агенцијата согласно надлежноста утврдена во член 18 став 7 од Законот, да го информира органот надлежен за авторските права и сродните права дека се сомнева дека е сторена повреда на истите, и

3. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали радиодифузерот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во решението донесено од страна на Советот на Агенцијата.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**